**Огласи**

# ОГЛАСИ

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

О Б Ј А В А БРОЈ 1
ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, предвидено со:

1. Урбанистички план за с. Зрновци – Зона за мало стопанство – дел од урбан блок 12 КО Зрновци донесен со Одлука на Совет на Општина Зрновци бр. 07-310 од 6.11.2003 година со намена на градба: МС – Мало Стопанство со карактеристики согласно Табеларен преглед бр.1;

2. Урбанистички план за с. Зрновци – дел од урбен блок 9, КО Зрновци, донесен со одлука на Советот на Општина Зрновци бр. 07-551 од 27.7.2007 година со намена на градба : А1 – семејно домување во станбени куќи, со карактеристики согласно Табеларен преглед бр. 2;

3. Урбанистички план за с. Зрновци, КО Зрновци , усвоен со одлука бр. 08-112 од 25.4.1996 година од Собрание на општина Кочани со намена на градба : А1 – индивидуално домување, со карактеристики согласно Табеларен преглед бр. 2.

Минималниот чекор за надавање за градежното земјиште со намена на градба: А1 – семејно домување во станбени куќи, изнесува 10 денари

**ТАБЕЛА 1**

**ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА <u>ЈАВНО НАДДАВАЊЕ</u>**

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД **ДУП за Блок 12** Општина Зрновци зона за мало стопанство - плански период од 2000-2010 год.

| Реден број | Бр.на ГП | Вкупна повр-шина на ГП м² | Намена на земјиштето (основна класа) | Намена на земјиштето (опис) | Бр.на КП во состав на ГП | Повр-шина за градба м² | Бруто разви-ена повр-шина | Процент на изгра-деност % | Коефи-циент на искористеност на земји-штето | Макси-мална дозво-лена висина на венец | Катност | Почетна /Утврдена цена по м² | Вкупна почетна/ Утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ГП. 1.07 | 1655 | МС | мало стопанство | 5584/3 и 5588/2 | 917,61 | 1445,24 | 56,11 | 0,88 | 8,50м | | 61 | 100.955 |
| 2 | ГП. 1.08 | 1697 | МС | мало стопанство | 5584/10 | 1026,80 | 1617,21 | 58,06 | 0,91 | 8,50м | | 61 | 103.517 |

**Минималниот чекор за надавање за градежното земјиште со намена на градба: МС – Мало Стопанство, изнесува 10 денари**

**ТАБЕЛА 2**

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД **ДУП за УБ 9** Општина Зрновци за плански период од 2007-2017 год.

| Реден број | Бр.на ГП | Вкупна повр-шина на ГП м² | Намена на земјиштето (основна класа) | Намена на земјиштето (опис) | Бр.на КП во состав на ГП | Повр-шина за градба м² | Бруто разви-ена повр-шина | Процент на изгра-деност % | Коефи-циент на искори-стеност на земји-штето | Макси-мална дозво-лена висина м | Ка-тност | Почетна /Утврдена цена по м² | Вкупна почетна/ Утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ГП 1.07** | 446 | А1 | сем.домув.востан.згради | 5728/4 | 212,41 | 637,23 | 52,09 | 1,56 | 9,90 | П+2 | 61 | 27.206 |
| **2** | **ГП 1.11** | 355.22 | А1 | сем.домув.востан.згради | 5728/17 | 170,16 | 510,48 | 48,85 | 1,47 | 9,90 | П+2 | 61 | 21.668 |

**Огласи**

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | **ГП 1.15** | 436 | А1 | сем.до мув.во стан.зг ради | 5728/16 | 199,42 | 398,84 | 51,14 | 1,02 | 7,00 | П+1 | 61 | 26.596 |
| 4 | **ГП 1.16** | 373 | А1 | сем.до мув.во стан.зг ради | 5728/13 | 185,77 | 371,54 | 54,29 | 1.09 | 7,00 | П+1 | 61 | 22.753 |
| 5 | **ГП 1.17** | 221.07 | А1 | сем.до мув.во стан.зг ради | 5728/14 | 133,95 | 401,85 | 57,48 | 1,72 | 9,90 | П+1 | 61 | 13.485 |
| **6** | **ГП 1.18** | 228.07 | А1 | сем.до мув.во стан.зг ради | 5728/15 | 128,70 | 257,40 | 56,19 | 1,12 | 7,00 | П+1 | 61 | 13.912 |
| 7 | **Од стар ДУП на Зрновци** | 537 | А1 | сем.до мув.во стан.зг ради | 5728/18 | 120,00 | 240,00 | 57,48 | 1,72 | 7,00 | П+1 | 61 | 32.757 |

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавното наддавање имаат:

1. Физички лица: државјани на Република Северна Македонија, државјани на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, како и државјани на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД а под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

2. Правни лица: домашно правно лице, правно лице во мешовита сопственост, правно лице основано од странско физичко и правно лице, регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија, странски правни лица резиденти на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, како и странски правни лица резиденти на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД а кои под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање по електронски пат, преку информацискиот систем поставен на интернет страницата www.gradezno-zemjiste.mk при што потребната документација се доставува во скенирана копија во PDF. или фотографија од документот во jpg. или jpeg. форма, во која е наведено за која парцела се однесува самата пријава и кои документи се составен дел на пријавата, комплетирана со следните докази (приложени во оригинал или фотокопии заверени на нотар):

1. Пријава од подносителот, во која се наведени податоци за подносителот на пријавата, податоци за предметното земјиште на кое се однесува пријавата и која документација се доставува во прилог. Доколку лицето кое ја пополнува пријавата за аукција е во улога на полномошник задолжително е да прикачи полномошно заверено на нотар;

2. Банкарска гаранција за сериозност на понудата во износ од 100% од вкупната почетна цена на градежното земјиште со рок на важност до 30.12.2020 година, доставена оригинал во хартиена форма до Комисијата. Со банкарската гаранција понудувачот ќе гарантира дека доколку добие статус на најповолен понудувач ќе ја уплати крајно постигнатата цена за отуѓување на градежното земјиште на електронското јавно наддавање во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор на најповолен понудувач;

3. За физичките лица уверение за државјанство;

4. За правните лица доказ за регистрација на правното лице од соодветен регистар;

5. Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својството овластено одговорно лице за правното лице;

6. e-mail адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничко име и шифра за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање (за подносителите на пријави кои ќе достават погрешна е-маил адреса Општина Зрновци нема обврска да прима и врши корекции на истата).

Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.

Комисијата по истекување на рокот за поднесување на пријавите, утврдува дали пријавите се комплетирани и поднесени во согласност со условите од објавата. Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од 24 часа по истекување на рокот за поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и лозинка за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежните парцели наведени во Табеларниот преглед бр.1 изнесува 61 денар од метар квадратен.

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежните парцели наведени во Табеларниот преглед бр.2 изнесува 61 денар од метар.

БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

1. Банкарската гаранција за сериозност на понудата за секоја градежна парцела е утврдена согласно Табеларен преглед даден во оваа објава.

РОКОВИ

Пријавите за учество на електронското јавно наддавање по Табеларен преглед бр.1 можат да се достават до 15.1.2020 година, електронски на следната интернет адреса: www.gradezno-zemjiste.mk

**Огласи**

Пријавите за учество на електронското јавно наддавање по Табеларен преглед бр.2 можат да се доставaт до 15.1.2020 година, електронски на следната интернет адреса: www.gradezno-zemjiste.mk

Јавното наддавање ќе се одржи електронски на следната интернет страна www.gradezno-zemjiste.mk

Јавното наддавање по ГП 1.07 од Табеларен преглед бр. 1 ќе започне на 17.1.2020 година, во 09:00 часот и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање по ГП 1.08 од Табеларен преглед бр. 1 ќе започне на 17.1.2020 година, во 09:30 часот и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање по ГП 1.07 од Табеларен преглед бр. 2 ќе започне на 17.1.2020 година, во 10:00 часот и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање по ГП 1.11 од Табеларен преглед бр. 2 ќе започне на 17.1.2020 година, во 10:30 часот и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање по ГП 1.15 од Табеларен преглед бр. 2 ќе започне на 17.1.2020 година, во 11:00 часот и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање по ГП 1.16 од Табеларен преглед бр. 2 ќе започне на 17.1.2020.година, во 11:30 часот и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање по ГП 1. 17од Табеларен преглед бр. 2 ќе започне на 17.1.2020.година, во 12:00 часот и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање по ГП 1. 18 од Табеларен преглед бр. . 2 ќе започне на 17.1.2020.година, во 12:30 часот и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање по ГП 537 од Табеларен преглед бр. 2 ќе започне на 17.1.2020.година, во 13:00 часот и истото ќе трае 15 минути.

ПОСТАПКА

1. Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од 24 часа по истекување на рокот за поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и шифра за учество на електронското јавно наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

2. На денот на одржување на електронското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страната со корисничкото име и шифрата која ја добиле на e-mail адресата, доставена во прилог на пријавата за учество на јавното наддавање.

3. Електронското јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник во јавното наддавање, за секоја градежна парцела посебно.

4. Електронското јавното наддавање го следи Комисија, формирана од Градоначалникот на Општина Зрновци.

5. Електронското јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена на земјиштето по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

6. Наддавањето за градежните парцели од Табеларен преглед бр.1 се врши „чекорно" со зголемување на вредноста со секој „чекор"не помалку од 10 денари.

Наддавањето за градежните парцели од Табеларен преглед бр.2 се врши „чекорно" со зголемување на вредноста со секој „чекор" не помалку од 10 денари.

1. Електронското јавно наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во оваа објава, при што доколку во истекот на последните две минути од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

2. Учесникот на јавното наддавање кој понудил највисока цена се стекнува со статусот најповолен понудувач.

3. Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

4. По завршување на постапката за јавно наддавање, Комисијата е должна во рок од три работни дена да достави барање за мислење до Државното правобранителство на Република Северна Македонија по однос на нацрт-текст на договорот за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

5. Државното правобранителство на Република Северна Македонија е должно да достави мислење по однос на нацрт-текст на договорот за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од добивање на барањето за мислење. Доколку во рок од 30 дена Државното правобранителство на Република Северна Македонија не достави мислење, ќе се смета за позитивно.

6. По прибавување на позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Комисијата во рок од три работни дена до најповолниот понудувач доставува известување за избор на најповолен понудувач.

7. Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од добивање на известувањето за избор на најповолен понудувач е должен да ги уплати средствата и до Комисијата да достави доказ за извршената уплата.

8. Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата во утврдениот рок, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и нема да се пристапи кон склучување на договор и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.

9. Доколку најповолниот понудувач ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од јавното наддавање во утврдениот рок, а врз основа на доставената документација не може да се склучи договор, уплатените средства за отуѓување на градежното земјиште не му се враќаат, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и нема да се пристапи кон склучување на договор.

10. Во рок од пет работни дена по доставување на доказ за извршена уплата и доставување на целокупната документација потребна за учество на јавното наддавање, Градоначалникот на Општина Зрновци во име на Република Северна Македонија склучува договор за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

11. По склучувањето на договорот Општина Зрновци во рок од еден ден, електронски го доставува договорот до Одделението за финансиски прашања за утврдување на данокот на промет на недвижности. Купувачот е должен во рок од 15 дена од добивање на решението за утврдување на данокот на промет на недвижности да го плати данокот и да достави доказ за извршена уплата.

12. По доставување на доказ за извршена уплата на данок на промет на недвижности, купувачот во рок од 15 дена договорот електронски го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација. Купувачот е должен солемнизацијата да ја изврши во рок од 30 дена од доставувањето на договорот кај надлежен нотар.

13. Неисполнувањето на обврските од точките 17 и 18 од оваа објава по вина на купувачот претставуваат основ за еднострано раскинување на договорот при што 80% од вкупната сума од отуѓувањето не се враќаат на купувачот.

14. Со договорот купувачот се обврзува во рок од 9 месеци од извршената солемнизација на договорот каде што предмет на договорот е градежна парцела со површина до 5.000 м2, односно во рок од 12 месеци од извршената солемнизација на договорот каде што пред-

**Огласи**

мет на договорот е градежна парцела над 5.000 м2 да обезбеди одобрение за градба на предвидените објекти согласно урбанистичкиот план по кој земјиштето е отуѓено и да ги изгради објектите согласно урбанистички план по кој земјиштето е отуѓено, во рок од две (2) години од добивање на правосилно одобрение за градење за објекти со бруто изградена површина до 1000 м2, односно во рок од четири (4) години од добивање на правосилно одобрение за градење за објекти со бруто изградена површина над 1000 м2, во спротивно, доколку купувачот не извади одобрение за градење во предвидениот рок, односно доколку објектите не се изградат во определениот рок по вина на купувачот, истиот ќе има обврска да плаќа договорна казна во висина од 1,5% од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во прва година од истекот на рокот, односно 3 % од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4,5 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот. Најповолниот понудувач се обврзува да го плати данокот на промет што ќе произлезе како обврска по склучениот договор за отуѓување на градежното земјиште.

15. Минималниот процент кој треба да биде изграден од вкупно развиената површина за градење предвидена со урбанистичкиот план за предметната градежна парцела не смее да биде помалку од 30%.

16. Во цената на градежното земјиште не е вклучен надоместокот за уредување на градежното земјиште.

17. Трошоците за нотарската процедура и воведувањето во евиденцијата на недвижностите во Агенцијата за катастар за недвижности паѓаат на товар на купувачот на градежното земјиште.

18. Сопственикот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее истото да го пренесува на трети лица пред исполнување на обврските од договорот за отуѓување на истото. Забраната за пренесување на трети лица се прибележува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

19. Незадоволните учесници на јавното наддавање можат да изјават приговор до Комисијата во рок од три дена од одржаното електронско јавно наддавање. По приговорот со решение Комисијата е должна да одлучи во рок од пет дена од приемот на истиот.

20. Против решението донесено од страна на комисијата, со кое се одлучува по поднесен приговор, странката има право да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Оваа објава ќе биде објавена и на WEB страницата на Општина Зрновци , info@zrnovci.gov.mk, како и на WEB страницата www.gradezno-zemjiste.mk.

Лице за контакт: Методи Николов тел. 075 389 345

---

ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ „НЕГОТИНО“ - НЕГОТИНО

Врз основа на член 231 ставови 11,12,13,14,15,и 16 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 264/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19) и член 31, член 32 и член 51 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на РМ“ бр. 8/2005, 150/07 и 25/2011), Одлуката на Управниот Одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“ - Неготино 02-854/3-6 од 24.12.2019 год, Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“ Неготино, објавува

О Г Л А С
ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ПРОСТОР
СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

1. ЗАКУПОДАВЕЦ: ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“ - Неготино

2. ПРЕДМЕТ НА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП: Простор за вршење на здравствена дејност

3.

| Реден број | Предмет на издавање под закуп | Почетна цена (денари) | Висина на депозит (денари) |
|---|---|---|---|
| 1. | Простор во ЈЗУ Здравстена станица Д.Капија со работна површина од 23,35 м2 и помошен простор од 17,35 м2 заедно со чекална, за дејност ординација по општа медицина на примарно ниво | 4.322 | 51.868 |

3.1. Просторот предмет на издавање под закуп – јавното наддавање може да се види секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот, со претходна најава и присуство на претставник од Комисијата за спроведување на постапката.

3.2. Услови за издавање под закуп: Просторот предмет на издавање под закуп се издава под следните услови:

- Намената на просторот е за вршење на соодветна здравствена дејност наведена во огласот;
- Закупецот не може да ја промени дејноста за која се издава закупот, не може да го издава просторот во подзакуп и не може да припојува други сосновачи;
- Трошоците за инвестиции паѓаат на товар на закупецот и кон истите може да се пристапи по претходно писмено одобрение од ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“ Неготино;
- Во случај на дефект на просторот издаден под закуп трошоците за отстранување на дефектот ќе ги сноси закупецот на просторот;
- Плаќањето на закупнина е месечно по добивањето на фактура од ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“ Неготино најдоцна до 15 во месецот;
- Во случај на згаснување на Здравствената установа или неможност за подмирување на закупнината, обврските ги презема основачот на ПЗУ.

4. ПРАВО НА УЧЕСТВО

4.1. Право на учество на јавното наддавање имаат:

- Физички лица – Доктори на медицина,кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за здравствена заштита со лиценца за работа и
- Правни лица- приватни здравствени установи основани и регистрирани за вршење на здравствена дејност од соодветната област.

4.2. Право на учество на јавното наддавање имаат само кандидатите кои со пријавата ќе достават доказ – уплатница за уплатен депозит за учество во јавното наддавање во висина на износот наведен во колона 4 на табелата на трезорска сметка на ФЗОМ и тоа: Банка на примачот: ФЗОМ, Сметка 100000000006605, Сметка на корисник 660180002953137, Приходна шифра и програма 723911-00, со дознака депозит за учество на јавно наддавање за закуп на простор.

Пријавата за учество во јавното наддавање со потребните документи се доставува до ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“ Неготино, Комисија за спроведување на јавно наддавање во рок од 10 дена од денот на објавување на Огласот во „Службен весник на РСМ“.

4.3. Уплатениот паричен депозит од најповолниот наддавач се засметува во закупнината.

5. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

5.1. Заинтересираните кандидати треба да поднесат пријава за учество во јавното наддавање, во рокот утврден во точка 4.2, во затворен плик, со назнака за јавно наддавање за закуп на простор, во архивата на ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“ Неготино секој работен ден од 08-14 часот.

Со пријавата заинтересираните лица треба да достават:

ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит;
- Фотокопија од важечка лична исправа (лична карта или пасош);
- Доказ за завршено образование (оригинал или копија заверена на нотар);
- Лиценца за работа (оригинал или копија заверена на нотар);
- Уредно полномошно за застапување во случај на учество преку полномошник.

ЗА ПРАВНИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит ;
- Доказ за регистрирана дејност на правното лице во Централниот регистар на Република Северна Македонија (не постар од шест месеци);
- Решение со кое се дава дозвола за почнување со работа на здравствената установа од Министерството за здравство на Република Северна Македонија.

6. ДЕН, ЧАС И МЕСТО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Усното јавно наддавање ќе се одржи на ден 31.1.2020 година во 12:00 часот во просториите на ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“, ул. „Вељко Влаховиќ“ бр 9, Неготино во канцеларијата на в.д. Директорот.

7. ПОСТАПКА ЗА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

7.1. Постапката за јавно наддавање ја спроведува Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“ Неготино. На денот на јавното наддавање, можат да учествуваат само физичкото лице односно овластеното лице на ПЗУ кои ги исполнуваат условите од Огласот, на чие име гласи уплатениот депозит. Учесниците својот легитимитет за учество во наддавањето го потврдуваат со важечка лична исправа и уредно полномошно за полномошниците;

7.2. Јавното наддавање започнува со јавно соопштување на почетната цена утврдена во колона 3 на табелата;

7.3. Наддавањето се врши со зголемување на вредноста за износ не помал од 100 денари;

7.4. Учесникот во наддавањето кој понудил највисока цена која и по три пати соопштена не е наддадена од друг учесник, се стекнува со статус на најповолен понудувач;

7.5. Со статус на најповолен понудувач може да се стекне и учесник кој на јавното наддавање се јавил како единствен наддавач, кој ги исполнил и прифаќа условите од Огласот и ја наддаде почетната цена за утврдениот најмал износ;

7.6. Со најповолниот понудувач ЈЗУ Здравствен дом „Неготино“ Неготино ќе склучи Договор за закуп на просторот- предмет на јавното наддавање. Со договорот за закуп поблиску ќе се уредат меѓусебните права и обврски на договорните страни кои се однесуваат за користењето на електрична енергија,затоплување, комунални услуги и слично;

7.7. На учесниците на наддавањето што не добиле статус на најповолни понудувачи, средствата уплатени како депозит ќе им бидат вратени во рок од 8 дена од денот на јавното наддавање;

7.8. Доколку најповолниот наддавач во рок од 15 дена од доставувањето на Договорот за закуп не го склучи Договорот, уплатените парични средства на име депозит за учество не им се враќаат. Во тој случај со статус на најповолен понудувач ќе се стекне учесникот кој е следнорангиран;

7.9. Огласот ќе биде објавен во „Службен весник на РСМ“.

7.10. Подетални информации и увид на предметот на јавно наддавање со претходна најава може да се добијат на тел. 071/359-004. Лице за контакт Катерина Тољкова-Трајкова.

Комисија за располагање со
недвижни и движни ствари